ОДУ бр. 130/17

Република Македонија
**НОТАР**
**ЛУИЗА ХРИСТОВА**
ул.Јане Сандански бр.1лок.29
Битола 22.02.2017 во 12.00 часот
дваесет и втори февруари две илјади и седумнаесетта година

# НОТАРСКИ АКТ
# ЗАПИСНИК ЗА XXXIX СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ НА СТОПАНСКА БАНКА АД БИТОЛА
**-извод-**

Јас Нотар Луиза Христова од Битола, именувана за подрачјето на Основниот суд Битола, со службено седиште во Битола на ул.Јане Сандански бр.1 лок.29, потврдувам дека денес на дваесет и втори февруари две илјади и седумнаесетта година во дванаесет часот поради постапка за водење на записник на XXXIX седницата на Собрание на акционери на СТОПАНСКА БАНКА АД Битола со седиште во Битола на ул.Добривоје Радосавлевиќ бр.21, со ЕМБС 5026377, излегов надвор од нотарската канцаларија, во салата за конференции на Стопанска банка АД Битола во Битола на ул. Добривоје Радосавлевиќ бр.21, врз основа на чл.383 став 3 од Законот за трговски друштва.-----------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------

Собранието на акционери го отвори Томислав Давков, кој кажа дека согласно Деловникот за работа на Собранието, Надзорниот одбор на Банката на својата 36-та седница одржана на ден 21.12.2016 година, одлучи да се свика XXXIX - та седница на Собранието на Банката, го утврди дневниот ред и донесе Одлука истото да се одржи на ден 22.02.2017 година.Повикот за свикување на ова Собрание, со Предлог дневниот ред се објави на интернет страницата на Банката www.stbbt@stbbt.com.mk, во дневниот весник ДНЕВНИК на 16.01.2017 година и на интернет страната на Македонската берза. ------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------

Предлог одлуките од акционерите по точките од дневниот ред, заедно со мислењата од надзорниот одбор, како и податоци за предложените членови се објавени на интернет страницата на Банката веднаш по приемот. Истите се составен дел и на пишаниот материјал доставен пред почетокот на седницата.-------
Материјалите на сите акционери им беа достапни во просториите на Стопанска банка а.д. Битола, како и интернет страницата на Банката.---------------------------------
Ги поздравува присутните претставници на акционерите на Стопанска банка а.д. Битола и гости на Собранието на Банката. -----------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------

Во согласност со член 395, став 3, од Законот за трговски друштва, мандатот на претседавачот на собранието трае до изборот на претседавачот на наредното собрание. На последната седница на Собранието на Стопанска Банка а.д. Битола за претседавач беше избран Томислав Давков, заради што го продолжи водењето на седницата до изборот на нов претседавач.-----------------------------------------------

Понатаму Томислав Давков ги извести присутните дека од извршениот увид во акционерската книга добиена 48 часа пред одржувањето на собранието (20.02.2017 година во 13 часот и 38 минути) и верификуваниот список на присутни акционери, односно нивни полномошници, се констатира дека е обезбеден кворум за работа, односно од вкупно 390.110 акции со право на глас, кои се во посед на 1220 акционери, присутни се претставници на 95 акционери, односно нивни полномошници кои поседуваат вкупно 256.346 акции со право на глас, што претставува 65,71% од вкупниот број на акции со право на глас. (од обичните акции). Од ова произлегува дека е обезбеден законскиот и статутарниот кворум за работа на ова акционерско собрание.-----------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------
Томислав Давков кажа дека согласно Деловодникот за работа на собраните треба да се премине кон избор на Председавач на Собранието на акционери
----------------------------------------------------------------------------------------------------------
Се премиува кон точка 2.1 од процедуралниот дел од дневниот ред, за избор на председавач, при што Томислав Давков ги повика присутните акционери да дадат предлог за Председавач со денешната седница на собранието. ----------
За збор се јави акционерот Петар Ристевски, кој предложи за Председавач со ова собрание на акионери да биде избран Томислав Давков ------------------------
Други предлози од присутните не беа дадени.------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------
Предлогот беше ставен на гласање и присутните акционери со 256.346 гласови ЗА што представуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас представени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН, ја донесоа следната -----------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------

**----------------------------------О Д Л У К А ----------------------------------------**

**--------------------------- за избор на председавач -----------------------------------------**

**1.** За претседавач на XXXIX - та седница на собрание на акционери на Стопанска банка АД Битола, што се одржува на ден 22.02.2017 година, се избира представникот на акционерот ЗК Пелагонија АД Битола Томислав Давков . -------------------------------------------------------------------------------------

**2.** Мандатот на претседавачот трае до наредното собрание на акционери на Стопанска банка АД - Битола ----------------------------------------------------------

**3.** Оваа одлука влегува во сила веднаш по донесувањето.----------------------------

////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

Томислав Давков, се заблагодари за довербата и изборот за председавач и продоложи да ја води седницата, со предлог да се продолжи со изборот на работните тела и да се премине кон точка 2.2 од процедуралниот дел од дневниот ред и да се изберат бројачи на гласови.----------------------------------------
Од своја страна предложи за бројачи на гласови да се изберат Миле Ивановски и Стево Цветковски. ------------------------------------------------------------
Бидејки други предлози не беа дадени, председавачот својот предлог го стави на гласање и присутните акционери со 256.346 гласови ЗА што представуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас представени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН, ја донесоа следната
----------------------------------------------------------------------------------------------------------

---------------------------------------- **О Д Л У К А** ----------------------------------------

---------------------------- **за избор на бројачи на гласови** ----------------------------

**1.** За бројачи на гласовите при гласањето на на XXXIX - та седница на собрание на акционери на Стопанска банка АД Битола , што се одржува на ден 14.01.2015 година, се избираат акционерите:----------------------------------

- Миле Ивановски и--------------------------------------------------------------------

-Стево Цветковдки. ------------------------------------------------------------------

**2.** Оваа одлука влегува во сила веднаш по донесувањето.-----------------------------

//////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

Председавачот ги извести присутните акционери дека записникот за оваа седница на собранието го води Нотар Луиза Христова --------------------------------

//////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

Председавачот констатира дека процедуралниот дел е исцрпен и предложи да се премине кон работниот дел.

Председавачот констатира дека се ова акционерско собрание е објавен следниот ------------------------------------------------------------------------------------

//////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

---------------------------- **Д Н Е В Е Н Р Е Д** ----------------------------

I. **ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ**

**1.** Отворање на Собранието на акционери

**2.** Избор на работни тела

**2.1.** Избор на претседавач на Собранието

**2.2.** Избор на 2 бројачи на гласови

**3.** Констатирање на кворум за работа на Собранието

II. **РАБОТЕН ДЕЛ**

**1.**Предлог одлука за измена и дополнување на Статутот на Стопанска банка АД Битола НО бр.02-2482/I-2 од 26.03.2015 година

**2.**Предлог одлука за именување на членови на Надзорниот одбор на Стопанска банка АД Битола со

-Мислење од Надзорниот одборна банката

//////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

//////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

Председавачот го стави на гласање овој дневен ред и акционерите со 256.346 гласови ЗА што представуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас представени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН, го прифатија и утврдија ваквиот дневен ред --------------------------

//////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

//////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

Председавачот Томислав Давков истакна дека на секој акционер предлог одлуките по точките од дневниот ред му беа достапни на интернет страната на Банката, како и во просториите на Банката. Исто така дадени се и во писмена форма во материјалите пред почетокот на седницата. Секој присутен акционер, согласно член 391-б, има право да поставува прашања по секоја од точките на дневниот ред. Друштвото чии акции котираат на берза и друштвото кое согласно законот за хартии од вредност е со посебни обврски за известување е должно одговорите на поставените прашања на седница на собранието на друштвото да ги

објави на својата интернет страница во формат на прашање и одговор. Председавачот го определува редоследот на работата по дневниот ред, а воедно се грижи за одржување на редот на седницата. Натаму ја води расправата по точките од дневниот ред.------------------------------------------------------------------------------------------

////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

**ПРВА ТОЧКА**.Председавачот предложи да се премине кон работниот дел од дневниот ред по 1-та точка од дневниот ред, и се прочита Предлог одлука за измена и дополнување на Статутот на Стопанска банка АД Битола НО бр.02-2482/I-2 од 26.03.2015 година, за која претходно е побарано мислење од Народна банка на РМ и добиено е позитивно мислење за ваквата измена на статутот. ------

Председавачот отвори претрес по оваа точка, но никој не се јави за збор, па предлог одлуката беше ставена на гласање, па се констатира дека акционерите со 256.346 гласови ЗА што представуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас представени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН, ја донесоа следната-

------------------------------------------------------------------------------------------------------------

---------------------------------------- **О Д Л У К А** ----------------------------------------

**За измена и дополнување на Статутот на Стопанска банка АД Битола**

------------------------------------------------------------------------------------------------------------

----------------------------------------------Чл.1----------------------------------------------

Предмет на оваа Одлука е измена и дополнување на Статутот на Стопанска банка а.д. Битола, НО бр. 02-2482/I-2 од 26.3.2015 година (пречистен текст).

----------------------------------------------Чл.2----------------------------------------------

Во Статутот на Стопанска банка а.д. Битола, НО бр. 02-2482/I-2 од 26.3.2015 година (пречистен текст), се врши измена и дополнување на **член 27**, при што по став 2 се додаваат два нови става, став 3 и став 4, и истите ќе гласат:

„При исполнување на обврската од став 2 од овој член, Банката е должна да одржува најмалку:

1) стапка на редовниот основен капитал во износ од 4,5% од ризичнопондерираната актива и
2) стапка на основниот капитал во износ од 6% од ризичнопондерираната актива.

Банката е должна да ги одржува следните заштитни слоеви:

1) заштитен слој за зачувување на капиталот;
2) противцикличен заштитен слој на капиталот;
3) заштитен слој на капиталот за системски значајни банки и
4) системски заштитен слој на капиталот".

----------------------------------------------Чл.3----------------------------------------------

Се врши измена на **член 31** став 1, и став 1 од истиот член ќе гласи:

„Изложеноста на банка кон лице ги опфаќа вкупните билансни и вонбилансни побарувања на Банката од тоа лице, вклучувајќи ги и вложувањата на хартии од вредност издадени од тоа лице, без оглед на целите за кои се стекнати хартиите од вредност".

Став 2 од истиот член се брише.

----------------------------------------------Чл.4----------------------------------------------

Се врши измена на **член 36** став 6, и став 6 од истиот член ќе гласи:

„Во период од три години од стекнувањето, во утврдените лимити во ставовите (2), (3), (4) и (5) на овој член, не се вклучува имотот во земјиште, згради и опрема стекнат врз основа на ненаплатени побарувања, а кои Банката не ги користи за извршување на финансиските активности и капиталните делови стекнати врз основа на ненаплатени побарувања".

----------------------------------------------Чл.5----------------------------------------------

Во **член 36** став 7 се менува и став 7 од истиот член ќе гласи:

„Банката не е должна да го продаде преземениот имот врз основа на ненаплатени побарувања во рок од три години од стекнувањето, туку после овој рок тој влегува во соодветните лимити предвидени во овој член".

----------------------------------------------Чл.6----------------------------------------------

Се врши измена на **член 41** став 3, при што зборот „дирекции" се брише, со што став 3 од истиот член ќе гласи:

„Организациони делови кои може да се формираат во Банката се: сектори, служби и други".

----------------------------------------------Чл.7----------------------------------------------

Се врши измена на **член 45**, став 1, при што точките 2) и 3) се бришат точката 4) станува точка 2), точките 5) и 6) се бришат, точките 7), 8), 9), 10) и 11) стануваат точки 3), 4), 5), 6) и 7), во точка 12) која станува точка 8) зборовите: „и Одборот за ревизија" се бришат. Во точка 13) која станува точка 9) по зборот „ревизија" се додаваат зборовите „и одлучува по предлогот за раскинува на договорот со друштвото за ревизија". Точката 14), која сега станува точка 10), се брише. Точките 15) и 16) стануваат точки 10) и 11) и став 1 од истиот член ќе гласи:

„Собранието на Банката ги врши следните работи:

1) го усвојува Статутот и измените и дополнувања на Статутот на Банката;
2) ги разгледува и усвојува годишниот извештај за работење на Банката заедно со писменото мислење по истиот изготвено од страна на Надзорниот одбор;
3) го разгледува и усвојува извештајот на друштвото за ревизија и писменото мислење по истиот изготвено од страна на Надзорниот одбор;
4) ја усвојува годишната сметка и финансиските извештаи на Банката;
5) одлучува за употреба и распоредување на остварената добивка, или за покривање на загубите;
6) одлучува за нова емисија на акции на Банката;
7) одлучува за статусни промени и за престанок на работење на Банката;
8) ги именува и разрешува членовите на Надзорниот одбор;
9) избира друштво за ревизија и одлучува по предлогот за раскинување на договорот со друштвото за ревизија;
10) донесува деловник за работа на Собранието и
11) одлучува и за други прашања од значење за работењето на Банката".

----------------------------------------------Чл.8----------------------------------------------

Се врши измена на **член 49** став 2, при што зборовите: „подолг од 50 дена ниту пократок од 21 ден" се заменуваат со зборовите: „пократок од 30 дена", со што став 2 од истиот член ќе гласи:

„Рокот којшто тече од денот на објавувањето на јавниот повик, односно поканата до денот на одржувањето на Собранието, не може да биде пократок од 30 дена до денот на одржувањето на Собранието“.

----------------------------------------------Чл.9----------------------------------------------

Се врши измена на **член 54** став 3, при што зборовите: „за донесување на Статутот или измени и дополнувања на Статутот“ се бришат, со што став 3 од истиот член ќе гласи:

„Собранието на Банката одлучува со мнозинство гласови кое не може да изнесува под 2/3 од акциите со право на глас кои учествуваат во работата, односно се претставени на Собранието, за зголемување или намалување на акционерскиот капитал, статусни промени на Банката, промена на фирма и седиштето, како и други случаи утврдени со закон“.

----------------------------------------------Чл.10----------------------------------------------

Во **член 54**, по став 3 се додава нов став 4, кој ќе гласи:

„Одлуката за донесување и измени и/или дополнувања на Статутот се усвојува од Собранието на акционерите на Банката со мнозинство гласови од вкупниот број акции со право на глас“.

----------------------------------------------Чл.11----------------------------------------------

Се врши измена на **член 67** став 2, при што зборовите: „и нето должник на Банката“ се бришат и став 2 од истиот член ќе гласи:

„Член на Надзорен одбор може да биде лице кое ги исполнува условите од член 117 од Статутот кои се однесуваат на лицата со посебни права и одговорности во Банка и да не е лице вработено во Банката“.

----------------------------------------------Чл.12----------------------------------------------

Во **член 67** по став 2 се додаваат два нови става, став 3 и став 4, и истите ќе гласат:

„Членовите на Надзорниот одбор треба да имаат соодветни знаења и искуство за извршување на своите надлежности, да избегнуваат судир на интересите и да посветуваат доволно време за извршување на обврските што произлегуваат од надлежностите утврдени со закон.

Членовите на Надзорниот одбор треба заедно да имаат знаења и искуство потребни за независен надзор на работењето на Банката, а особено за разбирање на активностите што ги врши Банката и на материјалните ризици на кои е изложена“.

----------------------------------------------Чл.13----------------------------------------------

Во **член 67** по став 3 кој станува став 5 се додава нов став 6, кој ќе гласи:

„Исто лице не може да биде именувано за независен член на Надзорниот одбор во Банката подолго од три последователни мандати“.

Став 4 станува став 7.

----------------------------------------------Чл.14----------------------------------------------

Во **член 67** став 5, кој станува став 8, зборот **„месечно“** се заменува со зборот: **„квартално“**, и став 8 од истиот член ќе гласи:

„Надзорниот одбор се состанува најмалку еднаш квартално“.

----------------------------------------------Чл.15----------------------------------------------

Се врши измена на **член 69** став 3, и став 3 од истиот член ќе гласи:

„Надзорниот одбор ги врши и следниве работи:

1) ја усвојува деловната политика и развојниот план на Банката;
2) именува и разрешува членови на Управниот одбор на Банката;
3) именува и разрешува членови на Одборот за управување со ризици;
4) именува и разрешува членови на Одборот за ревизија;
5) именува и разрешува членови на Одборот за надгледување на информативната технологија;
6) го усвојува финансискиот план на Банката;
7) го разгледува извештајот на Управниот одбор за поставеноста и ефикасноста на системот на внатрешна контрола;
8) го одобрува воспоставувањето и организацијата на системот на внатрешна контрола;
9) организира Сектор за внатрешна ревизија и ги именува и разрешува вработените во Секторот;
10) го одобрува годишниот план на Секторот за внатрешна ревизија;
11) ја усвојува Политиката за сигурност на информативниот систем, врши оцена на нејзината адекватност, најмалку еднаш годишно, од аспект на настанатите промени во организационата структура и промените во информативниот систем на Банката и ја следи ефикасноста на процесот за управување со информативниот систем преку анализа на резултатите од тестирањето на воспоставените сигурносни контроли во информативниот систем;
12) ги усвојува политиките за управување со ризици на Банката;
13) усвојува политика за избегнување судир на интересите со која се идентификуваат можните судири на интереси и мерките и активностите за нивно спречување;
14) усвојува политика за наградување, во согласност со деловната политика, развојниот план, финансискиот план и политиката за избегнување судир на интересите на Банката;
15) донесува и спроведува политика за начинот на избор, следење на работењето и на разрешување на членовите на Надзорниот одбор, Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија и Управниот одбор;
16) ги одобрува плановите и програмите за работа и општите акти на Банката, освен актите што ги донесува Собранието на Банката;
17) ги разгледува извештаите за работењето на Управниот одбор на Банката;
18) ги разгледува извештаите на Одборот за управување со ризици;
19) ги разгледува извештаите на Одборот за ревизија;
20) ги разгледува извештаите на Сектор за внатрешна ревизија;
21) ги разгледува извештаите на лицето/службата за контрола на усогласеноста на работењето на Банката со прописите;
22) ја одобрува годишната сметка и финансиските извештаи на Банката;
23) одобрува изложеност спрема лице од над 20% од сопствените средства на Банката, со исклучок на изложеност врз основа на купување на хартии од вредност издадени од Народната банка и Република Македонија;
24) одобрува трансакции со поврзани лица со Банката во износ од над 6.000.000,00 денари;

25) го одобрува стекнувањето на капитални делови и купувањето на хартии од вредност, поголеми од 5% од сопствените средства на Банката, освен купување на хартии од вреност издадени од Народната банка на Република Македонија;
26) го одобрува предлогот на Одборот за ревизија за назначување на друштво за ревизија или предлогот за раскинување на договорот со друштвото за ревизија и е одговорен за обезбедување на соодветна ревизија;
27) ја усвојува политиката за вршење на внатрешна ревизија;
28) ги разгледува извештаите на супервизијата, други извештаи доставени од Народната банка, Управата за јавни приходи и други надлежни институции и предлага, односно презема мерки и активности за надминување на утврдените неусогласености и слабости во работењето на Банката;
29) ги разгледува записниците од непосредната теренска контрола и непосредната теренска инспекциска контрола на Народната банка, до Народната банка ги доставува записниците од седниците на Надзорниот одбор на кои се разгледуваат записниците од контролата и ги верификува приговорите на Банката на записниците од Народната банка;
30) го одобрува годишниот извештај за работењето на Банката и доставува писмено мислење по истиот до Собранието на Банката;
31) го разгледува извештајот на друштвото за ревизија и доставува писмено мислење по истиот до Собранието на акционери;
32) одлучува за дефинитивен отпис на побарувања по предлог-елаборат на стручните служби на Банката;
33) го усвојува извештајот за попис на средствата и изворите;
34) одлучува за купување и отуѓување на недвижности;
35) одлучува за членство на Банката во организации и институции во земјата и во странство;
36) одлучува за учество на Банката во формирање банкарски конзорциум;
37) го усвојува кодексот за корпоративно управување со кој се уредуваат правилата за управување и за надзор на Банката;
38) го усвојува етичкиот кодекс на Банката;
39) го одобрува деловникот за работа на Одборот за ревизија;
40) донесува други акти согласно законската и подзаконската регулатива, кои се во негова надлежност;
41) одлучува за кредитна изложеност спрема поединечно лице и со него поврзаните лица во рамките на лимитите утврдени со актите на Банката;
42) одлучува за стекнување и располагање со имот врз основа на ненаплатени побарувања на Банката во согласност со актите на Банката;
43) ги разгледува извештаите за видот и износот на преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања, преземените активности за нивна продажба и статусот на реализирање на плановите за продажба и/или промените во плановите за продажба, како и износот на продадените преземени средства;

44) го свикува Собранието на Банката помеѓу две годишни собранија, по сопствена иницијатива или по барање на акционери;
45) одлучува за формирање и укинување организациски делови на Банката во земјата и во странство и за нивните овластувања;
46) формира одбори и комисии за извршување определени задачи и го одредува нивниот делокруг и начин на работа;
47) донесува деловник за својата работа;
48) одлучува во втор степен по приговори-барања за заштита на правата на вработените;
49) го одобрува актот на Управниот одбор со кој се уредува застапувањето и потпишувањето на актите на Банката;
50) го разгледува извештајот за трансакции со поврзани лица со Банката, како и за вкупниот износ на одобрени кредити и на други облици на изложеност на/кон други вработени во Банката;
51) ја усвојува Политиката за непречена комуникација и можност за известување од страна на вработените во Банката во случај на корупција;
52) ја одобрува стратегијата за преземање и управување со ризици и го следи нејзиното спроведување;
53) ја оценува адекватноста на донесената стратегија и политиките за управување со ризици најмалку еднаш годишно;
54) ги разгледува извештаите за профилот на ризичност на Банката;
55) ги одобрува лимитите на изложеност на одделни видови ризици;
56) одобрува воведување нови производи кои имаат значајно влијание врз профилот на ризичност на Банката;
57) ја одобрува Политиката за објавување извештаи и податоци од страна на Банката и
58) врши и други работи предвидени со Статутот на Банката, како и работи што не се во надлежност на Собранието“.

----------------------------------------------Чл.16----------------------------------------------

Се врши измена на **член 73** став 1, при што точка 3 се брише, и став 1 од истиот член ќе гласи:

„Мандатот на членовите на Надзорниот одбор може да престане пред истекот на мандатот во следните случаи:

- ако се исполнети условите кои оневозможуваат назначување член на Надзорниот одбор;
- ако гувернерот на Народната банка ја повлече согласноста за именување член на Надзорен одбор;
- по сопствено-лично писмено барање-оставка;
- во други случаи утврдени со законот“.

----------------------------------------------Чл.17----------------------------------------------

Се врши измена и дополнување на **член 79** став 2, и став 2 од истиот член ќе гласи:

„ Членовите на Одборот за управување со ризици, покрај утврдените услови од Законот за банките, кои важат за лицата со посебни права и одговорности, задолжително треба да имаат искуство во областа на финансиите или банкарството од најмалку три години, да имаат познавање за работењето на Банката, нејзините производи и услуги и да имаат познавање за ризиците на кои е изложена Банката“.

-------------------------------------------------- 10 ---------------------------- ОДУ бр.130/17
-------------------------------------------------Чл.18--------------------------------------------------

Во **член 79** став 6, по точка 9) се додава нова точка 10), која ќе гласи:

-------------------------------------------------- 10 ---------------------------- ОДУ бр.130/17

„ 10) оцена на усогласеноста на цените на производите и услугите што ги нуди Банката со нивото на преземен ризик, во согласност со деловната политика и развојниот план на Банката".

-------------------------------------------------Чл.19--------------------------------------------------

Во **член 79** став 6, во точката 10), која сега станува 11), зборовите: „најмалку еднаш месечно го известува Надзорниот одбор, а најмалку еднаш во три месеци Одборот за ревизија" се заменуваат со зборовите: „квартално го известува Надзорниот одбор" и точка 11 на став 6 од истиот член ќе гласи:

„11) квартално го известува Надзорниот одбор за промените во ризичните позиции на Банката, промените во стратегијата за управување со ризици, ефектите од управувањето со ризиците врз перформансите на Банката, како и преземените мерки и инструменти за заштита од ризиците и ефектите од истите".

-------------------------------------------------Чл.20--------------------------------------------------

Во **член 79** став 6, во точката 11), која станува 12), се менува и точка 12 на став 6 од истиот член ќе гласи:

„12) одобрува изложеност спрема лице од над 10% до 20% од сопствените средства на Банката".

Точката 12) станува точка 13).

-------------------------------------------------Чл.21--------------------------------------------------

Се врши измена на **член 82** став 12, точка 9), и точка 9) на став 12 од истиот член ќе гласи:

„9) предлага назначување на друштвото за ревизија и раскинување склучен договор со друштвото за ревизија".

-------------------------------------------------Чл.22--------------------------------------------------

Се врши измена на **член 82** став 14, и став 14 од истиот член ќе гласи:

„Одборот за ревизија поднесува полугодишен и годишен извештај за својата работа до Надзорниот одбор во кој е содржана оцената за сопствената работа од аспект на поединечните членови и колективно".

-------------------------------------------------Чл.23--------------------------------------------------

Се врши измена на **член 83**, и истиот член ќе гласи:

„ Надзорниот одбор ги именува членовите на Одборот за ревизија за период од две години".

-------------------------------------------------Чл.24--------------------------------------------------

Се врши измена на **член 85** став 3, при што зборовите: „и дилингот и пазарот на пари на Банката", се бришат, со што став 3 од истиот член ќе гласи:

„Со одлука на Надзорниот одбор се врши поделба на надлежностите меѓу членовите на Управниот одбор на Банката по одделни сегменти од работењето на Банката, и тоа:

- Претседателот на Управниот одбор е надлежен за работењето со општите правни работи, кабинетот на управниот одбор, маркетинг и комуникации, човечки ресурси, работење со правни лица, работење со физички лица и мрежата на експозитури;
- Еден од членовите на Управниот одбор е надлежен за управувањето со ризици, поддршка и финансии, усогласеност со прописи, спречување на перење пари и финансирање на тероризам и работата на ОСИС лицето;

----------------------------------------------- 11 ------------------------------ ОДУ бр.130/17

- Другиот член на Управниот одбор е надлежен за процесингот на Банката, управување со имот и безбедност, организација и ИТ".

-----------------------------------------------Чл.25-----------------------------------------------

Се врши измена на **член 85** став 5, и став 5 од истиот ќе гласи:

„Членовите на Управниот одбор треба заедно да поседуваат стручни знаења и искуство потребни за независно управување на Банката, а особено за разбирање на активностите што ги врши Банката и на материјалните ризици на кои е изложена, во согласност со правилата за корпоративно управување пропишани од страна на Советот на Народна банка донесени во согласност со меѓународните стандарди".

-----------------------------------------------Чл.26-----------------------------------------------

Се врши измена на **член 86** став 1, при што точка 9) се брише, и став 1 од истиот член ќе гласи:

„Управниот одбор на Банката ги врши следниве работи:

1) управува со Банката;
2) ја застапува Банката;
3) ги извршува одлуките на Собранието и на Надзорниот одбор на Банката, односно се грижи за нивно спроведување;
4) покренува иницијативи и дава предлози за унапредување на работењето на Банката;
5) ги именува и разрешува лицата со посебни права и одговорности, во согласност со одредбите од Законот за банките и Статутот на Банката;
6) именува лице односно организира Служба за контрола на усогласеноста на работењето на Банката со прописите;
7) изготвува деловна политика и развоен план на Банката;
8) изготвува финансиски план на Банката;
9) изготвува Политика за сигурност на информативниот систем на Банката;
10) одлучува за економски, технолошки и организационен вишок на работници;
11) одлучува за купување, продажба и закуп на основни средства на Банката и одобрува средства за други работи најмногу до 5% од капиталот на Банката (почетен и резерви);
12) формира пописни комисии за средства и изворите на средства, комисија за расходување и отуѓување на основни средства и ситен инвентар, а по потреба формира и други комисии и ги именува нивните членови;
13) се грижи за информирањето на акционерите на Банката;
14) донесува други акти кои не спаѓаат во надлежност на другите органи на Банката;
15) изготвува годишен извештај за работењето на Банката и го доставува до Надзорниот одбор;
16) донесува Одлука за каматните стапки и тарифи на Банката;
17) одлучува за засновање работен однос, за распоредување и наградување на работниците во согласност со законските прописи;

18) утврдува предлози на одлуки и други акти за кои одлучува Надзорниот одбор на Банката;
19) се грижи за информирањето на акционерите на Банката;
20) донесува акти за внатрешна организација и систематизација на работните места;
21) донесува општи и поединечни акти на Банката и упатства од негова надлежност;
22) одлучува за распределба на средствата за спонзорство, реклами, пропаганда и репрезентација;
23) склучува Колективен договор со Синдикатот на Банката;
24) изготвува етички кодекс на Банката и
25) врши други работи согласно законот, овој Статут и другите акти на Банката".

Точките 10), 11), 12), 13), 14), 15), 16), 17), 18), 19), 20), 21), 22), 23), 24), 25) и 26) стануваат точки 9), 10), 11), 12), 13), 14), 15), 16), 17), 18), 19), 20), 21), 22), 23), 24) и 25).

-----------------------------------------------Чл.27-----------------------------------------------

Во **член 87** став 1, по точка 6) се додава нова точка 7), и истата гласи:

„7) донесување и спроведување политика за начинот на избор, следење на работењето и на разрешување лица со посебни права и одговорности, освен за членовите на Надзорниот одбор, Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија и Управниот одбор; "

Точките 7), 8), 9) и 10) стануваат точки 8), 9), 10) и 11).

-----------------------------------------------Чл.28-----------------------------------------------

Во **член 87** став 4, зборот: „месечно" се заменува со зборот „квартално", и став 4 од истиот член ќе гласи:

„Управниот одбор го известува Надзорниот одбор за своето работење најмалку еднаш квартално".

-----------------------------------------------Чл.29-----------------------------------------------

Во **член 99** став 4, зборовите: „собранието на Банката и" се бришат, и став 4 од истиот член ќе гласи:

„Надзорниот одбор е должен да го достави годишниот извештај на Секторот за внатрешна ревизија до Народната банка на Република Македонија".

-----------------------------------------------Чл.30-----------------------------------------------

Се врши измена на **член 101 став 2**, при што зборовите: „6 членови" се заменуваат со зборовите: „5 (пет) членови", со што став 2 од истиот член ќе гласи:

„Одборот за надгледување на информативната технологија се состои од 5 (пет) членови".

-----------------------------------------------Чл.31-----------------------------------------------

Се врши измена на **член 101 став 3**, со што став 3 од истиот член ќе гласи:

„Надзорниот одбор на Банката ги назначува членовите на Одборот за надгледување на информативната технологија. Членови на одборот се: член на Управен одбор во чија надлежност е ИТ како претседател на одборот, одговорното

лице на организациониот дел одговорен за организација и ИТ, одговорното лице на организацискиот дел одговорен за процесинг, одговорно лице за сигурност на информативниот систем (ОСИС лице) и директор на Секторот за внатрешна ревизија, кој е без право на глас.

Чл.32

Во **член 101** по став 3 се додава нов став 4, кој ќе гласи:

„Со одлуката за назначување на членови на Одборот за надгледување на информативната технологија се именува и заменик-претседател на Одборот".

Чл.33

Се врши измена на **член 101** став 7, со што став 7 од истиот член ќе гласи:

„Одборот за надгледување на информативната технологија полноважно расправа и одлучува ако на седницата се присутни мнозинството од вкупниот број членови на Одборот. Одборот носи одлуки со мнозинство од присутните членови со право на глас. Во случај на поделеност на бројот на гласови, гласот на претседателот на Одборот, односно гласот на заменик-претседателот на Одборот е одлучувачки глас во донесување на одлуката".

Чл.34

Се врши измена на **член 102** став 1 точка 7, при што зборовите: „помеѓу Дирекцијата за организација и ИТ" се заменуваат со зборовите: „во Секторот за организација и ИТ", со што став 1, точка 7 од истиот член ќе гласи:

„ - врши координација на приоритетите во Секторот за организација и ИТ."

Чл.35

Во **член 104** по став 2 се додава нов став 3, кој ќе гласи:

„Под ризик од неусогласеност со прописите се подразбира можниот ризик којшто произлегува од непримена, неправилна примена, неправилно толкување на законите и подзаконските акти, добрите деловни практики, правила, договори и актите на банката, како и неусогласеноста на актите на Банката".

Ставовите 3, 4 и 5 стануваат 4, 5 и 6.

Чл.36

Во **член 104** став 5, кој станува став 6, зборот „тримесечен" се заменува со зборот „полугодишен", и став 6 од истиот член ќе гласи:

„Лицето од ставот (1) на овој член за својата работа поднесува месечен извештај до Управниот одбор и полугодишен извештај до Надзорниот одбор".

Чл.37

Во **член 112** став 3, по точката 7 се додаваат две нови точка 8) и точка 9), кои ќе гласат:

„ 8) на писмено барање на Агенцијата за управување со одземен имот, во согласност со закон;

9) на писмено барање на нотар во рамките на водењето оставинска постапка, во согласност со закон".

Чл.38

Во **член 112** став 3, по точката 8), која станува точка 10), се додава нова точка, точка 11), и точка 11) на став 3 од истиот член ќе гласи:

„11) податоците се соопштуваат за потребите на управување со кредитниот ризик на други членки на банкарска група или на банкарска група чие матично лице е со седиште надвор од Република Македонија, а чија членка е Банката“.

Точките 11) и 12) стануваат 12) и 13).

-------------------------------------------------Чл.39-------------------------------------------------

Во **член 113** се врши измена на став 2, и став 2 од истиот член ќе гласи:

„Управниот одбор на Банката со посебна одлука именува одговорно лице и формира Служба за спречување на перење пари и финансирање на тероризам“.

-------------------------------------------------Чл.40-------------------------------------------------

Во **член 113** по став 2 се додава нов став 3, и став 3 од истиот член ќе гласи:

„Службата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам е должна да презема мерки и дејства со цел откривање и спречување на перење пари во сите делови од своето работење преку:

- изготвување политики, процедури и инструкции за идентификација и анализа на клиенти;
- идентификација и анализа на клиенти;
- следење, собирање и чување податоци за трансакции;
- соработка со надлежните органи;
- чување како деловна тајна на податоците обезбедени врз основа на постојните законски прописи за спречување на перење пари и
- други мерки и активности за спречување на перење пари предвидени со закон или подзаконски акти“.

-------------------------------------------------Чл.41-------------------------------------------------

Се врши измена и дополнување на **член 116**, при што по став 1 се додава нов став 2, и истиот ќе гласи:

„Лицата со посебни права и одговорности се должни да работат единствено во интерес на Банката и на нејзините депоненти и да постапуваат со внимание на уреден и совесен трговец“.

Ставовите 2, 3, 4, 5 и 6 стануваат 3, 4, 5, 6, 7 и 8.

-------------------------------------------------Чл.42-------------------------------------------------

Се врши измена и дополнување на **член 117** став 1, и став 1 од истиот член ќе гласи:

„Лице со посебни права и одговорности во Банката задолжително треба да има соодветно високо образование и познавање на прописите од областа на банкарството и/или финансиите, да ги познава правилата за добро корпоративно управување и да има соодветно искуство кое обезбедува сигурно и стабилно управување со Банката“.

-------------------------------------------------Чл.43-------------------------------------------------

Во **член 117** ставот 3 се менува, и став 3 од истиот член ќе гласи:

„Член на Управен одбор на Банката може во исто време да биде и член на најмногу два органи на надзор, односно неизвршен член на Одбор на директори во најмногу две небанкарски финансиски институции или нефинансиски институции“.

-------------------------------------------------Чл.44-------------------------------------------------

Во **член 117** ставот 4 се менува, и став 4 од истиот член ќе гласи:

„Член на Надзорен одбор на Банката може во исто време да биде и:

- член на еден орган на управување и на еден орган на надзор, односно да извршува една функција на извршен и една функција на неизвршен член на Одбор на директори во небанкарски финансиски институции или нефинансиски институции или

- член на три органи на надзор, односно да извршува три функции на неизвршен член на Одбор на директори на небанкарски финансиски институции или нефинансиски институции".

-------------------------------------------------Чл.45-------------------------------------------------

Во **член 117** по став 4 се додаваат четири нови става 5, 6, 7 и 8 и истите ќе гласат:

„Член на Управен одбор на Банката не може да биде и лице кое е управител, член на управен одбор или извршен член на Одбор на директори во кое било домашно или странско трговско друштво.

Ограничувањата од ставот 2 точка 6) и ставовите 3, 4 и 5 на овој член не се однесуваат на членство во:

1) органи на непрофитни организации на волонтерска основа, без надоместок и

2) во органи на трговски друштва кои припаѓаат на иста банкарска група во Република Македонија или во странство.

Во случаите кога Банката, како дел од банкарска група, спроведува политики на групата, членовите на Надзорниот и/или Управниот одбор треба да обезбедат тие политики да се соодветни за Банката и се во согласност со законите на Република Македонија и стандардите на Народната банка.

Банката мора да обезбеди мнозинството од членовите на Надзорниот и Управниот одбор да се достапни на барање на Народната банка".

-------------------------------------------------Чл.46-------------------------------------------------

Се врши измена на **член 124 став 1,** при што зборовите: „со мнозинство гласови кое не може да изнесува помалку од две третини од акциите со право на глас претставени на Собранието" се бришат, со што став 1 од истиот член ќе гласи:

„Односите во Банката се уредуваат со овој Статут и со други општи акти на Банката. Статутот претставува основен општ акт на Банката кој се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број акции со право на глас"

-------------------------------------------------Чл.47-------------------------------------------------

Собранието го овластува Надзорниот одбор на Банката да изготви пречистен текст на Статутот на Банката.

-------------------------------------------------Чл.48-------------------------------------------------

Оваа Одлука стапува во сила по усвојување на измените и дополнувањата на Статутот од страна на Собранието на Банката.

////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

**ВТОРА ТОЧКА :** Председавачот предложи да се премине кон втората точка донесеување на одлука за именување на членови на Надзорниот одбор на Стопанска банка АД Битола и се чита Мислење од Надзорниот одборна банката заедо со предлог одлуката. ---------------------------------------------------------------------------

Председавачот предложи за секој предложен член да се гласа поединечно, а потоа ако предложените кандидати се изберат, ќе се пристапи кон гласање на целиот текст на предлог одлуката за именување на членови на Надзорниор одбор на банката, со сите нејзини одредби. --------------------------------------------

Се спроведе постапка за поединечно гласање за секој член на Надзорниот одбор Ненад Јосифовиќ, Дејан Панделески, Александра Радевска, Стевчо Јолакоски, Кирил Митровски, Панче Нефтенов и Коста Костадиновски, па сите членови добија ист број на гласови секој по 256.346 гласови ЗА, поединечно и колективно за одлуката во целина, заедно со мислењето на надзорниот одбор, па се констатира дека акционерите со 256.346 гласови ЗА што представуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас представени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН, ја донесоа следната-----------------------------------------------------------------------------

--------------------------------------------------------------------------------------------------------

**------------------------------------------ ОДЛУКА ------------------------------------------**

**За именување на членови на Надзорен одбор на Стопанска банка АД Битола**

--------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Член 1**

За членови на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола со мандат од четири (4) години, се именуваат: ------------------------------------------------------------

1. Господин Ненад Јосифовиќ, дипломиран правник - **член** ------------------------
2. Господин Дејан Панделески, магистер за европски студии по бизнис администрација во маркетинг- **член** -----------------------------------------------
3. Госпоѓа Александра Радевска, магистер по економски науки во областа на сметководство и ревизија - **член** -----------------------------------------------
4. Господин Стевчо Јолакоски, доктор на науки од областа на безбедноста- **член** ---------------------------------------------------------------------------------
5. Господин Кирил Митровски, дипломиран економист - **член**----------------
6. Господин Панче Нефтенов, дипломиран правник, со ЕМБГ 2609962450166 - **независен член** ---------------------------------------------------------------------
7. Господин Коста Костадиновски, дипломиран економист во областа на финансии и сметководство- **независен член.** ----------------------------------------

**Член 2**

На именуваните членови на Надзорниот одбор се одобрува месечен паушал како надомест за учество и работа на седниците во висина од 50.000,00 денари месечно.

На Претседателот на Надзорниот одбор на Банката се одобрува месечен паушал како надомест за учество и работа на седниците во висина од 60.000,00 денари месечно.

**Член 3**

На членовите на Надзорниот одбор што живеат надвор од седиштето на Банката, односно надвор од Битола ќе се исплатува и надомест во висина на трошоци за патување и сместување, по претходно приложени фактури или друга соодветна документација. ------------------------------------------------------------------------

**Член 4**

Пријава за упис на именуваниот член на Надзорниот одбор во трговскиот регистар поднесува Секторот за правни работи и управување со кабинет на Управен одбор.---------------------------------------------------------------------------

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добивање на согласност од Гувернерот на Народна Банка на Република Македонија.------------------------------------------------------------------------------------------
////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

Откако се исцрпи дневниот ред, Председавачот, им се заблагодари на присутните акционерти и 39-тата седница на собранието на акционери на Стопанска банка АД Битола ја прогласи за затворена во 14 часот .-------------

Прдедседавач со Собранието на акционери
с.р.
--------------------------------------------------
Томислав Давков
////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////
////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

Јас **Нотар ЛУИЗА ХРИСТОВА П О Т В Р Д У В А М** дека овој акт лично го составив и лично му го прочитав на Председавачот на собранието -------------
Председавачот со акционерското Собрание Томислав Давков го потпиша записникот и списокот на присутни акционери и изјави дека содржината на овој нотарски акт во целост одговара на дејствијата кои се случувале на седницата на Собранието. ---------------------------------------------------------------
Овој акт е составен лично од нотарот и се состои од 17листови и 17 страни-----
Изворникот со придружната документација останува кај нотарот, а Стопанска банка АД Битола добива 4 изводи. --------------------------------------
Нотарската такса за заверка по тарифен број 27 од Законот за судски такси во врска со чл.158 став 3 од ЗН во износ од 500,00 денари е наплатена Нотарската награда е пресметана во износ од 14.000,00 денари и трошоци 1.440,00 денари, согласно чл.41 и 52 од Нотарска тарифа --------------------------
**ОДУ бр.130/17**
Битола 22.02.2017- дваесет и втори февруари две илјади и седумнаесетта година ----------------------------------------------------------------------------------------
Томислав Давков с.р.
------------------------------------

**НОТАР**
**ЛУИЗА ХРИСТОВА**

Република Македонија Подрачјето на Основниот суд Нотар Луиза Христова Битола

Јас, НОТАР ЛУИЗА ХРИСТОВА
за подрачјето на Основниот суд Битола

отврдувам дека е овој извод е идентичен со зворникот.

Овој е прв извод - потполн - во изводок, кон кого не се приложени преписи од прилогот на нотарската исправа.

Број: ОДУ130/2017 НОТАР
Во Битола 22.02.2017 год.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на Основниот суд во
НОТАР
ЛУИЗА
ХРИСТОВА

ХРИСТОВА
БИТОЛА